**Република Северна Македонија**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Агенција за управување со одземен имот**
**Бр.04 - 491/4 од 08.03.2023 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 22 став (1) алинеја 2, и став (8) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16 и 35/2018), член 22 став (1) алинеја 1 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" број 110/19, 267/20 и 151/21), Агенцијата за управување со одземен имот објавува:

## Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 03/2023

**за вработување на 2 (две) лица во Агенција за управување со одземен имот на определено време, поради привремено зголемен обем на работа, до крајот на фискална година (2023)**

1. **Помлад соработник за материјално – финансиско работење** во Одделение за сметководство и плаќање при Секторот за финансиски прашања **со локација на работно место во Скопје,- 1 извршител**

**Општи услови:**
-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен;
-да има општа здраствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
-ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, (Економски науки или Организациони науки и управување (менаџмент))
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
-со или без работно искуство во струката.
-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

**Распоред на работно време:**
Работни часови во неделата: 40,
Работно време од понеделник до петок од 07. 30 – 08. 30 до 15.30 – 16. 30 часот.

**Паричен нето износ на основната плата** : 22.300,00 денари

2. **Помошно – техничко лице (Чувар Портир II)** во Одделение за преземање и евиденција на одземен имот при Секторот за оперативно работење, **со локација на работно место во Гевгелија, -1 извршител.**

**Општи услови:**
-да е државјанин на Република Македонија;
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен;
-да има општа здраствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Средно гимназиско образование или средно стручно образование

**Распоред на работно време:**

Работно време во две смени: 1-ва смена од 07,00 до 19,00 часот и 2-ра смена од 19,00 до 07,00 часот наредниот ден или неделно работно време 40 работни часа

Паричен нето износ на основната плата : 18.000,00 денари

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите и посебните услови утврдени со Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата за управување со одземен имот. Право на учество имаат сите граѓани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање.

Рокот за доставување на Пријавата со потребните документи изнесува 3 работни дена сметано од денот на објавување на огласот во дневниот печат. Условите наведени во огласот кандидатот треба да ги исполнува во моментот на пријавувањето.

По истекот на рокот за пријавување, изборот на кандидатот ќе се изврши најдоцна во рок од 3 дена.

Кандидатите се должни да поднесат Пријава за вработување, како и докази за исполнување на општите и посебните услови во оригинал или заверени на нотар, и кратка биографија со задолжителен контакт телефон, адреса на живеење и електронска адреса.

Пријавата за Огласот може да се подигне од архивата на Агенцијата за управување со одземен имот или да се преземе од веб страната на Агенцијата: www.odzemenimot.gov.mk

**Кандидатите за сите работни позиции, потребно е со пријавата да ги достават следните документи во оригинална форма или копија заверена на нотар, и тоа:**

-Доказ за државјанство;

-Доказ дека не им е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност;

-Доказ за општа здраствена состојба за работното место;

-Уверение / диплома за завршен степен на образование;

**Кандидатите за работната позиција под реден број 1 покрај горе наведените, потребно е да ги достават и следните документи:**

Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;

Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски јазик);

Кратка биографија (со задолжителен контакт телефон и адреса);

Писмо за мотивација

Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка по овој оглас.

Постапката ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на директорот на Агенцијата за управување со одземен имот.

Јавниот Оглас ќе биде објавен на ВЕБ страната на Агенцијата за управување со одземен имот и во најмалку 2 (два) дневни весници од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Бараните документи се доставуваат во архивата на Агенцијата за управување со одземен имот согласно рокот најдоцна до 13.03.2023 година до 15:30 часот, во затворен плик со напомена “ Да не се отвара” на следната адреса:

Агенцијата за управување со одземен имот

Кеј Димитар Влахов бр.4/4, 1000 Скопје, Р.С. Македонија,

**(со назнака: “ За Јавен оглас бр. 03/2023”)**

Контакт за информации: 02 3 209 087

**Агенција за управување со одземен имот**

Директор

Фатон Асани

_______________